# Извадок на дел од дневни настани 14.08.2020

На 14.08.2020 во 01.20 часот на ул.,,Ленин" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода К.О.(43) од Тетово, поради сомнение дека во периодот од 00.40 до 01.10 часот на ул.„Иво Рибар Лола" во Тетово со запалива течност предизвикал пожар во патничко возило „дачија дастер", со скопски регистарски ознаки, и патничко возило „нисан", со скопски регистарски ознаки, двете сопственост на „ЕВН", кои целосно изгореле. Исто така, од пожарот било зафатено и патничко возило „голф", со тетовски регистарски ознаки. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Тетово. К.О. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.08.2020 во 19.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на кеј „Димитар Влахов" го лишиле од слобода И.У.(40) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.08.2020 во 22.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на кеј „Димитар Влахов" го лишиле од слобода С.И.(29) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.08.2020 во 22.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Карпошово востание" го лишиле од слобода Д.Ј.(29) од Охрид, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени марихуана и метална дробилка. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.08.2020 во 23.06 часот во СВР Скопје, М.Н. пријавила дека двор од куќа во с.Инџиково, скопско, при расправија на две лица со нејзиниот сопруг И.А.(49), едното од нив со пиштол пукало во него. Според пријавеното, двете лица побарале пари од И.А., но кога им кажал дека нема пари, едното лице пукало кон него. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.08.2020 околу 18.30 часот на ул.„Петре Прличков" во Велес полициски службеници ги лишиле од слобода С.С.(48), В.М.(48) и И.П.(37) од Кавадарци и Ѓ.М.(31) од Велес, затоа што при контрола на автомобил „мерцедес", со кавадаречки регистарски ознаки, пронашле предмети кои потекнуваат од кривични дела „кражби". Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 13.08.2020 во 19.10 часот било пријавено дека на локалниот пат Пробиштип-с.Ратвици, на место викано „Леговец", патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.С.(23) од Скопје, излетало од патот и се превртело. Во незгодата, на местото на настанот починал сопатникот Ф.С.(24) од Скопје, а возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Пробиштип.

На 13.08.2020 во 17.46 часот било пријавено дека пред влезот на железничка станица Тетово, поточно од стојалиштето Ратае кон железничка станица Тетово, на патен премин, патнички воз кој сообраќал на релација Скопје-Кичево удрил во патничко возило „цитроен", со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале две лица, кои се здобиле со телесни повреди, констатирани во Општата болница Тетово. За време на вршење увид, во периодот од 17.46 до 20.55 часот, железничкиот сообраќај бил во прекин.

На 13.08.2020 во 12.40 часот било пријавено дека на локалниот пат с.Пирок-с.Раковец, патничко возило „форд фиеста", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.К.(49) од с.Камењане, излетало од патот. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Ј.С.(41) од с.Пирок, а со телесни повреди се здобиле другите сопатници А.С.(46), А.С.(66) и М.С.(67), сите од с.Пирок, констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Тетово.

На 13.08.2020 година во 07.25 часот, на ул.„15 Корпус" во Охрид патничко возило „ауди", со охридски регистарски ознаки, управувано од Ж.К.(23), од охридското село Лескоец, удрило во велосипед „VILLIGER", управуван од Ж.Т.(76) од Охрид. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид, каде што бил пренесен за укажување на лекарска помош. Увид бил извршен.

На 13.08.2020 во 13.10 часот во Полициската станица Центар, Е.Р.(64) од Скопје пријавил дека на кеј „13 Ноември" бил каснат од куче скитник.

На 13.08.2020 во 10.10 часот на ул.„Прва македонска ударна бригада" во Струга, товарно возило „пежо", со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.Т.(41) од Битола, удрило во пешакот М.Ј.(63), од струмичкото село Куклиш. Во незгодата, М.Ј. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид, каде што била пренесена за укажување лекарска помош. Увид бил извршен.

Во текот на 13.08.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се три возила бидејќи биле нерегистрирани, еден возач затоа што управувал возило со брзина поголема од дозволената, еден возач поради поминување на крстосница на црвено светло, еден возач поради недавање првенство на минување и 57 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.М.(23) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 31.03.2020, при претрес во домот каде престојувал пријавениот, на ул.„Абас Емин" во Охрид, полициски службеници пронашле и одзеле марихуана, амфетамин и кокаин.

Во периодот од 22.00 часот на 13.08. до 02.00 часот на 14.08.2020, полициски службеници од Полициска станица Гостивар, во содејство со инспектори од Државниот пазарен инспекторат Гостивар извршиле контрола во 20 угостителски објекти на подрачјето на Гостивар. Притоа, во еден од објектите биле затекнати како работат К.О.(38) и З.А.(29), двете од Република Албанија. Поради злоупотреба на туристичкиот престој, тие биле приведени и задржани за понатамошна постапка во Полициска станица Гостивар.

На 13.08.2020 во 15.00 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека околу 10.50 часот се вратила М.С.(16) од Скопје, за која на 12.08.2020 беше пријавено дека се оддалечила од Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение.

На 13.08.2020 околу 09.00 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул. „Македонски бранители" во с.Бела Црква, прилепско, Д.К.(64) од Прилеп, вработен во приватна фирма, додека извршувал работни задачи, бил повреден и починал на местото на незгодата. Увид извршиле екипа од ОВР Прилеп и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 14.08.2020 во 00.30 часот, И.Н.(44) од Скопје пријавила дека на 13.08.2020 околу 22.00 часот на бул.„Јане Сандански" нејзината 15-годишна ќерка била физички нападната од Ј.А. Се работи на расчистување на случајот.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Д.М.(38) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во февруари 2019 пријавениот остварил контакт со Г.С.(62) и му ветил дека може да му обезбеди визи за САД за неговата ќерка и нејзиниот партнер. Потоа, во неколку наврати Г.С. му дал 1600 евра на Д.М., но и по една година визите не им биле обезбедени, по што ги побарал парите назад. Д.М. не му ги вратил парите, а кога му се јавувал на телефон, пријавениот му упатувал закани, по што случајот го пријавил во полиција.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Р.Т.(51) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „изнуда". На 09.08.2020, Р.Т. влегол во угостителски објект на ул.„8 Септември" во Дебар, сопственост на И.С. од Дебар и од неговиот татко А.С. побарал 300 евра за наводен долг. Откако не ја добил бараната сума, почнал да се однесува агресивно кон А.С. и во еден момент физички го нападнал.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Б.А.(57) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 20.02.2020 полициски службеници извршиле претрес во с.Мислешево, во домот на Т.В., во кој престојувал Б.А., при што бил пронајден и одземен куршум со калибар 7,62 х 39 мм за полуавтоматска пушка.

На 13.08.2020 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош, од Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение било пријавено дека се оддалечила Е.М.(18). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Р.Ј.(38) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 06.02.2020 на место викано брана „Шпиље", во правец Струга - Дебар, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило „шкода", во кое како сопатник бил пријавениот, при што кај него бил пронајден и одземен хероин.

На 14.08.2020 околу 02.50 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул. „Блага Ружето" настанал пожар во паркирано патничко возило „бмв", со прилепски регистарски ознаки, сопственост на З.Д. од Прилеп. Со пожарот бил зафатен предниот дел на возилото, а од екипа на Територијалната противпожарна единица Прилеп пожарот бил изгаснат. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.08.2020 во 07.30 часот во СВР Скопје, Д.З. од Скопје пријавил дека во дворот од куќата на ул.„Петар Манџуков" пронашол зрно од огнено оружје кое причинило оштетување на задното ветробранско стакло од патничко возило „хонда", сопственост на неговата ќерка. Полициски службеници извршиле увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Д.Л.(19) од с.Драслајца, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 28.01.2020 на ул,,Маршал Тито" во Струга полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „мицубиши", управувано од Д.М. од с.Драслајца, каде како сопатник бил Д.Л., при што кај него била пронајдена и одземена марихуана.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет